SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

# ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ДИСЦИПЛИНСКИТЕ И ИЗБОРНИТЕ МЕХАНИЗМИ КЛУЧНИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО



## 13
## БИЛТЕН

## 18 ТА СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 3

## ПРАВОСУДСТВО И ОСНОВНИ ПРАВА

## (ПОГЛАВЈЕ 23)

**На 12 февруари 2026 година во Скопје се одржа 18-тата сесија на Работната група 3 (Правосудство и основни права) во рамките на Националната конвенција за ЕУ (НКЕУ-МК). Под наслов „Европски стандарди за дисциплински и изборни механизми“, клучните чинители во државата дебатираа за неопходните чекори кон враќање на довербата во правниот систем, со фокус на балансот помеѓу независноста и отчетноста на правосудните органи**



- Заострени критериуми: Министерот за правда, Игор Филков, најави измени на триесетина закони со цел професионално и транспарентно правосудство, со посебен фокус на реформите во Судскиот совет. Новите решенија воведуваат јасни критериуми за избор и разрешување, јавни расправи и прецизни рокови за постапките, со цел да се елиминираат долготрајните процедури и корупциските ризици.
- Мерит-систем и интегритет: Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители, Ирина Трајкоска-Стрезоски, истакна дека новите законски решенија ќе ги вклучат сите меѓународни препораки за строг избор на кадри. Таа нагласи дека континуираната едукација и етичките стандарди се клучни за градење професионален и отпорен правосуден кадар.
- Одговорност наместо политика: Професорката Александра Деаноска-Трендафилова повика на поголема транспарентност во гласањето на Судскиот совет и примена на постоечките механизми за „прочистување“ на правосудството. Таа нагласи дека дури и најдобрите закони се безвредни без интегритет во нивната примена, апелирајќи за суштинско оценување на реформите кое го зема предвид националниот контекст.
- Меѓународна поддршка: Претставниците на ОБСЕ и Амбасадата на Словачка потврдија дека напредокот во Поглавјето 23 останува централен услов за евроинтеграциите, нудејќи експертиза за доследно спроведување на законите. Амбасадорката на Словачка истакна дека реформите мора да резултираат со реални и одржливи промени, а не само со формално усогласување со законодавството.
- Сесијата заокружи со нацрт-препораки кои ќе бидат доставени до институциите, како директен придонес на граѓанскиот сектор во реформскиот процес. Учесниците се согласија дека клучот за успех лежи во доследната имплементација на законите, зајакнувањето на институционалниот интегритет и развивањето на правна култура заснована на одговорност и професионализам.



## Милева ЃУРОВСКА

национален координатор на НКЕУ-МК, професор на Филозофски факултет, Скопје, претседателка на Европско движење;

Професорката Милева Ѓуровска ја отвори 18-та сесија на Работната група 3 нагласувајќи ја инклузивноста и ширината на учесниците. Таа истакна дека присуството на претставници од институциите, правосудството, дипломатијата и граѓанскиот сектор ја потврдува релевантноста на платформата како простор за суштински дијалог за реформите во правосудството.

Во своето воведно обраќање, Ѓуровска ја позиционираше темата на сесијата – Поглавје 23: Правосудство и темелни права – како клучен столб на Кластерот 1 „Темели“. Таа потенцираше дека токму напредокот во ова поглавје е индикатор за зрелоста на државата во практикувањето на владеењето на правото, надминувајќи ја формалната усогласеност со acquis и навлегувајќи во доменот на реалната институционална функционалност.

Осврнувајќи се на досегашната работа на Конвенцијата, Ѓуровска посочи дека по 17 одржани сесии, напредокот во Поглавјето 23 се оценува преку систем на почетни, преодни и завршни мерила. Додека одреден напредок е евидентен во првите две фази, таа предупреди дека завршната фаза, која е поврзана со формалниот преговарачки процес, ќе бара значително подлабоки и поодржливи резултати.

Во тој контекст, таа нагласи дека Поглавјето 23 не може да се третира како техничко прашање, туку напротив, станува збор за „стрес-тест“ на целиот систем, кој ја мери способноста на државата да се спротивстави на политички влијанија, да обезбеди гонење на висока корупција и да изгради институции со вистинска независност и интегритет. Законодавните измени, според неа, се неопходни, но недоволни без видливи резултати во пракса.

Националната координаторка дополнително укажа дека досегашниот пристап на Конвенцијата, кој се базира на следење на актуелните предизвици и нивно инкорпорирање во дебатите, овозможува поавтентично разбирање на реформските процеси. Таа подвлече дека, и покрај бројните стратегии и анализи, клучниот индикатор останува перцепцијата на граѓаните, односно дали тие чувствуваат дека правдата е достапна и дека институциите функционираат во нивна корист.

На крајот на својот говор, таа предупреди на растечкиот јавен песимизам во однос на правосудниот систем, кој може да ја поткопа довербата и да доведе до откажување од барањето правда. Како одговор, повика на поафирмативен и конструктивен пристап кон реформите, истакнувајќи дека Националната конвенција останува простор каде доминираат стручни аргументи, а не политички позиции, и каде се гради интегриран пристап кон Кластерот 1, преку поврзување на Поглавјата 23 и 24.

## Игор ФИЛКОВ

Министер за правда на Република Северна Македонија;



Министерот за правда на Република Северна Македонија, Игор Филков, во своето обраќање ја нагласи централната улога на транспарентните и квалитетни механизми за избор, унапредување и дисциплинска одговорност како предуслов за ефикасен и кредибилен судски систем. Тој истакна дека независноста и непристрасноста на судиите не се само формални принципи, туку суштински гаранции за правна сигурност, заштита на човековите права и доверба на граѓаните во институциите.

Министерот подвлече дека зајакнувањето на независноста и ефикасноста на правосудството претставува јасен приоритет на Владата, при што реформските интервенции се насочени токму кон изборните и дисциплинските механизми. Во тој контекст, тој информираше дека реформите во Судскиот совет веќе се во тек, со нови законски решенија кои воспоставуваат појасни критериуми и повисоки стандарди за одговорност.

Во однос на законските измени, Филков посочи дека се воведени прецизни критериуми за избор и разрешување, како и заострени услови за професи-онално искуство, особено преку самото редефинира-ње на поимот „истакнат правник“. Дополнително, нај-ави и воведување на јавни расправи при изборот на несудските членови, со што се зголемува транспарентноста и јавниот надзор врз процесот.

Според него, особено внимание е посветено на дисциплинските постапки, кои сега се јасно уредени со дефинирани основи за одговорност и утврден состав на дисциплинските комисии. Министерот нагласи дека се воведува итна постапка за утврдување одговорност на судии и претседатели на судови, со временско ограничување од шест месеци, со цел да се избегнат одолговлекувања и неефикасноста.

Во делот на јавното обвинителство, Филков најави дека новиот Закон за јавно обвинителство е во финална фаза на усвојување, при што во него се интегрирани европските стандарди и препораки. Законот предвидува воспоставување на мерит-систем за избор, унапредување и оценување на обвинителите, како и зајакнување на нивната самостојност преку јасно дефинирани ограничувања за давање задолжителни упатства.

Дополнително, се воведуваат прецизни рокови за дисциплинските постапки, шест месеци до девет месеци во зависност од сложеноста на случаите, како и градација на дисциплинските повреди, согласно препораките на ГРЕКО. Овие мерки, според министерот, имаат за цел да воспостават баланс помеѓу фер постапка и ефективна одговорност.

Филков дополнително потенцираше дека Владата веќе го усвоила новиот Закон за Советот на јавни обвинители, со кој се воведуваат повисоки критериуми и транспарентни процедури за избор на членовите. Клучна новина е обврската сите одлуки за избор, унапредување или разрешување да бидат јавно образложени, со што транспарентноста станува законска, а не доброволна практика.

Во завршницата, министерот посочи дека овие законски измени се одговор на детектираните слабости во системот и крај на долготрајни постапки, корупциски ризици и недоволна отчетност. Со пакет од околу триесет закони, реформскиот процес има за цел да воспостави правосудство кое е професионално, непристрасно и функционално, со крајна цел – обновување на довербата на граѓаните.

„Транспарентноста повеќе нема да зависи од добра волја, туку ќе биде законска обврска – секоја одлука ќе биде јавно образложена.“



## Ивета ХРИЦОВА

Амбасадорка на Република Словачка во Република Северна Македонија

Ивета Хрицова, амбасадорка на Република Словачка, нагласи дека темата на Поглавје 23 ја надминува техничката димензија и претставува суштински политичко прашање. Таа подвлече дека владеењето на правото е „’рбетот“ на Европската Унија и клучен предуслов за функционална демократија, заштита на човековите права и правна сигурност.

Амбасадорката истакна дека за земјите кандидати, реформите во правосудството не смеат да се сведат на формално усогласување со законодавството, туку мора да резултираат со реални и одржливи промени. Таа посочи дека искуството на Словачка покажува дека законските измени се само почетна точка, додека вистинскиот предизвик лежи во нивната доследна и непристрасна имплементација.

Во тој контекст, Хрицова нагласи дека европските стандарди и препораки даваат јасна насока, но нивната вредност се потврдува единствено преку практична примена. Напредокот во Поглавје 23, според неа, се следи внимателно токму затоа што претставува индикатор за кредибилитетот на целиот пристапен процес.

Амбасадорката ја истакна и континуираната поддршка на Словачка, која, како што посочи, не е само политичка декларација, туку конкретна и долгорочна соработка. Притоа, изрази подготвеност за споделување на искуства, вклучително и научените лекции од сопствените реформи, како за позитивните резултати, така и за предизвиците со кои се соочиле.

„Владеењето на правото не се гради преку ноќ, туку преку доследно и принципиелно дејствување.“

## Ирина ТРАЈКОСКА СТРЕЗОСКИ

директорка на Академијата за судии и јавни обвинители (да биде потврдено);



Ирина Трајкоска-Стрезоски, го нагласи значењето на човечкиот капитал како клучен елемент во реформите на правосудниот систем. Таа истакна дека независното и ефикасно судство и јавно обвинителство се од суштинско значење за напредокот на Република Северна Македонија кон членство во Европската Унија, при што интегритетот и непристрасноста на носителите на правосудните функции се централни предуслови за владеењето на правото.

Во своето излагање, Трајкоска-Стрезоски потенцираше дека обуката, етичките стандарди и професионалниот интегритет не смеат да се третираат како формални барања, туку како основа за функционален систем. Континуираната едукација, според неа, има двојна улога – ја зајакнува стручноста на судиите и обвинителите, но истовремено делува превентивно против дисциплински прекршувања и надворешни влијанија.

Таа ја позиционираше Академијата како клучна институција во обезбедувањето објективни критериуми за избор и унапредување, како и во промоцијата на етичките стандарди. Во контекст на тековните реформи, во своето обраќање посебен акцент стави на новиот предлогзакон за Академијата, кој е во фаза на подготовка и ги инкорпорира препораките од релевантни домашни и меѓународни анализи и оценски мисии.

Според предложените решенија, се предвидува појасна институционална поставеност преку разграничување на надлежностите меѓу директорот, Управниот одбор и Програмскиот совет, со цел зголемена отчетност и ефикасност. Дополнително, се зајакнува улогата на Програмскиот совет во дизајнот и квалитетот на обуките, што треба да обезбеди поконзистентен и стандардизиран пристап во професионалниот развој.

Реформите опфаќаат и значајни измени во приемниот процес, со воведување објективни критериуми за оценување, вклучително и проверка на правното знаење и познавањето на странски јазици. Се предвидува годишен прием на кандидати врз основа на реални кадровски проекции, како и систем на рангирање според заслуги, кој ќе влијае врз нивното идно распоредување, по модел инспириран од компаративни европски практики.

Во завршницата, Трајкоска-Стрезоски нагласи дека крајната цел на овие реформи е создавање професионален и отпорен правосуден кадар, способен да одговори на современите предизвици. Донесувањето на новиот закон, според неа, ќе овозможи системско јакнење на капацитетите и ќе придонесе кон поголема правна сигурност и доверба во институциите.



**Сузана Јошевска Атанасовска**

Државен секретар во Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија;

Сузана Јошевска Атанасовска го започна своето излагање со оценка дека донесените законски измени претставуваат значаен чекор напред во уредувањето на дисциплинските постапки и постапките за избор и унапредување на судиите. Според неа, новиот Закон за Судскиот совет воспоставува солидна правна рамка, во која се инкорпорирани најголемиот дел од препораките на релевантните оценски мисии, како и стандардите на Европскиот суд за човекови права и Советот на Европа, со што ваквата нормативна поставеност, создава основа за мерит-систем кој треба да резултира со квалитетни и издржани одлуки.

Сепак, централниот фокус на нејзиното излагање беше насочен кон предизвикот на имплементацијата. Таа потенцираше дека, и покрај квалитетната законска рамка, клучното прашање останува како овие норми ќе се применуваат во пракса, и во тој контекст, истакна дека токму јазот меѓу нормативното и фактичкото е хроничната слабост на системот.

Јошевска Атанасовска дополнително укажа и дека европските стандарди не треба да се разбираат како формален процес на усогласување, туку како суштинска трансформација на правосудниот систем. Таа нагласи дека независноста на судството не е привилегија на судиите, туку право на граѓаните, што ја поставува потребата од внимателно балансирање помеѓу независноста и отчетноста како клучен принцип.

Во таа насока, таа инсистира на разбирање на „духот на законот“, а не само на неговата формална примена. Според неа, транспарентноста, отчетноста и мерит-системот не можат целосно да се исцрпат преку законски одредби, туку бараат институционална култура и доследна пракса. Токму затоа, таа очекува Судскиот совет да ја искористи новата рамка за да изгради доверба и кај судиите и кај јавноста.

Од практичен аспект, таа посочи дека сè уште нема доволно искуство со примената на новиот закон, бидејќи не се завршени дисциплински постапки ниту реализирани избори и унапредувања според новите правила. Ова, според неа, создава одредена неизвесност и оправдани загрижености, особено во делот на оценувањето на судиите.

Сепак, како клучно прашање Јошевска Атанасовска го издвои односот помеѓу квантитативното и квалитативното оценување, како и потребата да се обезбеди фер третман на судиите кои работат во различни услови и со различна оптовареност. Нејзина сугестија е дека токму преку праксата треба да се доразвијат овие аспекти, особено таму каде што законот остава простор за интерпретација.

Заклучувајќи го својот говор, Јошевска Атанасовска изрази умерен оптимизам дека со правилен пристап и професионална посветеност е можно да се изгради поефикасен и покредибилен систем. Таа ја нагласи и важноста на конструктивната дебата и размената на идеи како предуслов за подобрување на имплементацијата и за постигнување на стандардите кон кои се стреми правосудниот систем.

**Дајанчо ЕФТИМОВ**

државен секретар во Министерство за правда



Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда и ко-претседавач на сесијата, на почетокот нагласи дека токму дисциплинските и изборните механизми во правосудството се клучен елемент на владеењето на правото. Тој ја потенцираше улогата на Националната конвенција за Европската Унија како важен партнер во унапредувањето на реформските процеси и усогласувањето со европските стандарди, притоа изразувајќи благодарност за континуираниот придонес на Конвенцијата во подигнувањето на стандардите во правосудниот систем, особено во контекст на имплементацијата на препораките од Европската комисија, ГРЕКО и други релевантни меѓународни и домашни извори. Според него, токму ваквиот инклузивен пристап придонесува за креирање поквалитетни законски решенија и нивна поефективна примена во пракса.

Во осврт на реформската агенда, тој ја истакна централната улога на Министерството за правда како носител на процесот, информирајќи дека во изминатиот период се формирани повеќе работни групи за подготовка на нови и изменети закони во клучните области на правосудството. Овие активности, како што нагласи, имаат двојна цел, односно подобрување на реалното функционирање на системот, но и унапредување на јавната перцепција за владеењето на правото.

Посебен акцент беше ставен на новиот Закон за Судскиот совет, кој веќе е во сила и кој ги адресира претходно идентификуваните слабости, како што се правните празнини и недоволната прецизност на одредбите. Тој сподели дека со новите решенија се воведуваат јасни рокови и се ограничува можноста за произволно толкување, при што се земени предвид и препораките на Венецијанската комисија и Оценската мисија.

Ефтимов потврди дека Предлог-законот за јавното обвинителство веќе е во собраниска процедура, со фокус на прецизирање на критериумите, роковите и механизмите за избор и одговорност. Целта, според него, е да се воспостави систем кој ќе биде отпорен на произвол и ќе обезбеди јасна поделба на надлежностите, особено во однос на толкувањето и примената на законите.

На крајот на своето обраќање, Државниот секретар исто така сподели дека во подготовка е и новиот Закон за Советот на јавни обвинители, кој дополнително ќе ги уреди процедурите поврзани со изборот и дисциплинската одговорност.

„Целта е да изградиме систем без правни празнини и без простор за произволно толкување, каде што владеењето на правото ќе биде реалност, а не формалност.“



**Александра ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА**

Координаторка на РГ-3, професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје

Александра Деаноска-Трендафилова, стави акцент на експертскиот карактер на оваа платформа. Таа посочи дека токму преку вакви форуми се овозможува суштинска размена на аргументи меѓу академијата, правосудството, институциите и меѓународните партнери, што ја прави Конвенцијата релевантен актер во реформскиот процес.

Осврнувајќи се на реформската агенда, Деаноска-Трендафилова оцени дека, иако на почетокот постоеше перцепција за заостанување, интензивната работа на повеќе законски решенија паралелно веќе дава конкретни резултати. Таа нагласи дека овој процес често останува „невидлив“ во формалните извештаи, но неговата суштинска вредност станува очигледна со финализирањето на законските текстови.

Сепак, Деаноска - Трендафилова подвлече дека квалитетот на законите не е доволен сам по себе, туку клучниот фактор останува практичната примена и интегритетот на субјектите кои ги спроведуваат. Според неа, дури и најдобрите законски решенија, можат да бидат компромитирани доколку недостига bona fide пристап, додека и послаби решенија може да дадат резултати доколку постои вистинска посветеност.

Во однос на конкретните реформи, таа го поздрави донесувањето на Законот за Судскиот совет, нагласувајќи дека во него се инкорпорирани голем дел од препораките на Оценската мисија, во рамки на уставните ограничувања. Истовремено, посочи дека дел од реформите остануваат условени од пошироки институционални прашања, вклучително и потребата од уставни измени, кои претставуваат посложен политички процес.

Деаноска-Трендафилова истакна дека во новите законски решенија, особено во делот на дисциплинската одговорност, се направени значајни чекори преку категоризација на повредите и санкциите, во согласност со препораките на ГРЕКО. Дополнително, како клучна новина го издвои воведувањето на прецизни рокови за постапување, што претставува основен предуслов за ефикасност и правна сигурност.

Говорејќи од перспектива на граѓанин, таа потенцираше дека транспарентноста мора да биде видлива и разбирлива за јавноста. Како пример, наведе дека одлуките на Судскиот совет треба да содржат конкретни образложенија – вклучително и бројот на гласови и аргументите „за“ и „против“ со цел граѓаните да имаат реален увид во процесите на одлучување.

Коментирајќи го изборот на јавниот обвинител, таа изрази очекување за поголема отвореност на процесот, вклучително и јавна презентација на програмите на кандидатите, бидејќи ваквиот пристап е неопходен за институција која има клучна улога во кривичното гонење и заштитата на правата на граѓаните. Дополнително, таа укажа на потребата од систематско и редовно оценување на јавните обвинители, како механизам за јакнење на одговорноста и професионалноста. Наместо политички чувствителни модели како ветинг, таа предложи доследна примена на постојните механизми, кои можат да придонесат за „прочистување“ на системот и намалување на генерализираната недоверба.

Во поширок контекст, Деаноска-Трендафилова предупреди на растечкиот евроскептицизам и повика на поинклузивен и суштински пристап во оценувањето на реформите од страна на меѓународните институции. Таа нагласи дека формалниот „check-box“ пристап не ја отсликува комплексноста на правниот систем и дека е потребен дијалог, адаптација и разбирање на националниот контекст.

На крајот, таа апелираше за интерактивен пристап во процесот на усогласување со европските стандарди, каде препораките нема да се третираат како механичко преземање, туку како насоки што треба да се адаптираат на домашниот правен и институционален систем. Според неа, само преку ваков пристап може да се обезбеди одржлив и кредибилен реформски процес.

„И најдобриот закон е безвреден ако нема интегритет во неговата примена – а транспарентноста што ја чувствуваат граѓаните е вистинскиот тест за реформите.“



## Килијан ВАЛ

Амбасадор на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Килијан Вал, амбасадор на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, се обрати со повик за концептуално преиспитување на поимот „европски стандарди“, кој често се користи во реформскиот дискурс. Тој истакна дека не постои унифициран или формализиран „прирачник“ за овие стандарди, туку дека тие се резултат на акумулирано искуство и заедничко разбирање за тоа како треба да функционира едно независно и ефикасно судство.

Наместо формален сет на правила, Вал предложи фокусот да се стави на најдобрите меѓународни практики, кои се развивале низ децении во рамките на европските и меѓународните организации. Во тој контекст, тој потсети дека земјите дел од ОБСЕ, вклучително и Република Северна Македонија, активно придонесуваат во обликувањето на овие стандарди преку низа документи и обврски поврзани со судската независност и владеењето на правото.

Тој нагласи дека судската независност претставува фундаментален принцип, кој е тесно поврзан со правото на правично судење, демократијата и заштитата на човековите права. Според него, постапките за избор на судии треба да бидат засновани на заслуги, компетентноста и интегритетот, спроведени преку транспарентни процедури и институции заштитени од политички влијанија.

Во однос на институционалниот дизајн, Вал укажа на важноста од балансиран состав на телата за судско управување, со мнозинство членови од редот на судиите избрани од своите колеги. Овој пристап, како што истакна, придонесува за поголема легитимност, но и зајакната одговорност во процесите на одлучување.

Дисциплинските механизми, според него, мора да бидат подеднакво внимателно дизајнирани. Тој потенцираше дека тие треба да функционираат независно, со јасна поделба помеѓу истражната и одлучувачката фаза, како и со целосни процесни гаранции, вклучително право на одбрана, пристап до докази и право на жалба. Транспарентните и образложени одлуки се клучни за одржување на балансот помеѓу одговорноста и независноста.

Осврнувајќи се на состојбите во земјата, Вал се приклучи кон констатацијата дека законодавната рамка во голема мера е воспоставена, но дека главниот предизвик останува нејзината доследна имплементација. Особено важно, според амбасадорот, е функционирањето и транспарентноста на телата за судско управување, што директно влијае врз довербата на јавноста, дополнително укажувајќи дека соодветните финансиски и човечки ресурси се суштински предуслов за независно и ефикасно правосудство.

Потенцираше дека недоволната екипираност, може да ја компромитира способноста на институциите за да спроведуваат фер и мерит-базирани постапки.

Претставувајќи конкретни наоди, Вал се осврна на проценката на ризици од корупција во судството од 2023 година, поддржана од ОБСЕ, која покажува значајни перцепции на недоверба меѓу самите носители на правосудни функции. Значителен дел од судиите и обвинителите не ги перципираат процесите на именување, унапредување и дисциплинска одговорност како правични и објективни.

Во таа насока, тој нагласи дека антикорупциските мерки и транспарентноста во овие процеси се клучни за зајакнување на судската независност. Мисијата на ОБСЕ, како што посочи, активно поддржува анализи и политики насочени кон намалување на корупциските ризици и унапредување на институционалниот интегритет.

Дополнително, Вал информираше за тековната соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата и поддршката во развојот на интегритетски политики во клучните правосудни институции, вклучително и Јавното обвинителство. Овие активности, според него, се дел од поширок пристап кон системско зајакнување на отпорноста на институциите.

Заклучувајќи го својот говор, тој подвлече дека реформите во правосудството се пред сè национална одговорност, но дека меѓународните партнери, вклучително и ОБСЕ, остануваат подготвени да обезбедат поддршка. Клучот за успех, според него, лежи во доследната имплементација, институционалниот интегритет и јасната политичка и општествена заложба за владеење на правото.

„Не постои прирачник за европски стандарди – постојат заеднички вредности и најдобри практики, а нивната вистинска сила се покажува во доследната примена.“

## Катерина ГЕОРГИЕВСКА

судија во Врховен суд на Република Северна Македонија



Катерина Георгиевска, судија во Врховниот суд на Република Северна Македонија, во своето излагање се осврна на едно од најчувствителните, но суштински прашања за правосудниот систем, односно, одговорноста на судиите. Таа нагласи дека без јасно воспоставен систем на одговорност не може да постои ниту доверба во судството, ниту функционална демократија.

Според Георгиевска судството треба да биде независно и одговорно, бидејќи тоа се два комплементарни, но и клучни принципи. Според неа, одговорност без независноста ја губи својата суштина, додека вистинската независност подразбира постоење на ефективни механизми на отчетност.

Таа ја дефинираше одговорноста како повеќеслоен концепт, кој опфаќа правна, дисциплинска, етичка и општествена димензија. Судиите, како носители на значајна јавна функција, мора да одговараат за незаконито, несовесно и нестручно постапување, но истовремено и да го чуваат интегритетот и достоинството на судската функција.

Особено беше нагласена потребата судиите да постапуваат во согласност со законите, процедурите и роковите, како и да ги почитуваат професионалните и етичките стандарди. Во тој контекст, Георгиевска потенцираше дека одговорноста не претставува закана за независноста, туку механизам кој ја штити, спречувајќи создавање на перцепција за „недопирливост“ на судиите. Додека независноста ја штити содржината на одлуката од надворешни влијанија, одговорноста обезбедува дека процесот е законит, транспарентен и фер.

Георгиевска укажа и на конкретните слабости во праксата, како што се долготрајните и неефикасни постапки, како и недоволно јасните дисциплински механизми. Сепак, таа предупреди дека генерализирањето на критиките кон целото судство е проблематично, бидејќи не прави разлика помеѓу професионалните и оние кои евентуално не ги исполнуваат стандардите. Во таа насока, таа нагласи дека системот на одговорност треба да биде дизајниран така што ќе ги изолира и санкционира оние што постапуваат незаконито, додека ќе ги препознае, поддржи и охрабри професионалните и чесни судии. Клучен инструмент за тоа се јасни и мерливи критериуми за оценување на работата, како и навремени, квалитетни и образложени одлуки.

Судијата посебно ја истакна транспарентноста како предуслов за доверба, потенцирајќи дека граѓаните мора да имаат увид во функционирањето на системот. Довербата, според неа, не се гради декларативно, туку преку доследно почитување на законите, еднаков третман и видливи резултати.

Таа дополнително ја нагласи улогата на личниот интегритет на судијата, посочувајќи дека реформите не можат да бидат исклучиво нормативни, туку бараат и внатрешна професионална култура. Храброста да се донесуваат законити одлуки, без подлегнување на притисоци, е суштински дел од таа култура.

На крајот на своето излагање, Георгиевска заклучи дека одговорноста на судиите не е израз на недоверба, туку показател за зрелоста на едно општество. Само систем кој воспоставува фер баланс меѓу независноста и одговорноста може да обезбеди правична и предвидлива правда.

„Независност без одговорност води кон недопирливост, а одговорноста е токму гаранцијата што ја штити вистинската независност на судијата.“

## Лиле СТЕФАНОВА

јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија



Јавниот обвинител Лиле Стефанова, го насочи своето излагање кон практичните предизвици на дисциплиската одговорност во обвинителството. Таа истакна дека, и покрај бројните законски реформи низ годините, клучниот проблем останува јазот помеѓу нормативните решенија и нивната реална примена.

Стефанова нагласи дека правосудниот систем има искуство со повеќе законски решенија кои во моментот на донесување биле оценувани како усогласени со европските стандарди, но со текот на времето се покажало дека нивната практична имплементација е ограничена. Според неа, токму праксата е тестот што покажува дали одреден закон „живее“, и затоа измените и дополнувањата се природен и неопходен процес.

Во својата анализа, таа ја потенцираше позицијата на јавниот обвинител како носител на значајна моќ во кривичната постапка, со директно влијание врз правата и слободите на граѓаните. Оттука, како што нагласи, оваа моќ мора да биде проследена со високо ниво на одговорност, вклучително и преку дисциплински механизми за случаи на незаконито, нестручно или неетичко постапување.

Стефанова укажа дека јавноста оправдано очекува професионалност, подготвеност и почитување на правата на странките од страна на обвинителите. Во случаи кога овие стандарди не се исполнети, постојат претставки и поплаки, но нивното процесирање зависи од постојните институционални механизми.

Во однос на законските измени, таа направи споредба помеѓу старото и новото решение за дисциплинските постапки. Додека претходно иницијативата за поведување постапка била строго централизирана, новото решение предвидува можност Советот на јавни обвинители да поднесува иницијативи. Сепак, таа отвори важно прашање за потенцијален судир на улоги, имајќи предвид дека истиот орган може да се јави и како второстепен одлучувач.

Позитивно беше оценето воведувањето на степенување на дисциплинските повреди, како и прецизирањето на санкциите и роковите. Стефанова нагласи дека ваквата нормативна прецизност придонесува за правна сигурност, за разлика од претходните нејасни формулации како „веднаш“, кои оставаа простор за различни толкувања.

Особено значајна новина, според неа, е решението според кое оставката на јавен обвинител повеќе не ја прекинува дисциплинската постапка. Ова, како што посочи, спречува злоупотреби и овозможува утврдување на одговорност, иако без изрекување санкција. Сепак, таа предупреди дека останува отворено прашањето за евиденција и користење на овие податоци во други професионални контексти.

Во таа насока, Стефанова предложи да се разгледа можноста дисциплинската историја да стане релевантен фактор при избор на јавни обвинители или при премин во други правни професии, со цел да се обезбеди реална функционалност на системот.

Таа исто така укажа дека бројот на дисциплински постапки досега е релативно мал, што може да укажува на недоволна употреба на механизмите или ограничувања во постапката, бидејќи Дисциплинската комисија не може да постапува по службена должност, ниту граѓаните можат директно да иницираат постапка.

Во заклучок, Стефанова повика на поактивен пристап во користењето на дисциплинските механизми и зајакнување на внатрешниот надзор во обвинителството. Според неа, само преку доследно спроведување на одговорноста може да се придонесе кон зајакнување на интегритетот и довербата во институцијата. „Хартијата е едно, реалноста е друго вистинскиот тест за секој закон е неговата примена во пракса.“

**Дебата по првиот панел:**



По завршувањето на првиот панел, се отвори широка и содржајна дебата во која учесниците ги продлабочија прашањата поврзани со дисциплинската одговорност, изборот и унапредувањето во правосудството. Дискусијата беше насочена кон идентификување на клучните предизвици и можните подобрувања во рамките на новите законски решенија.

Општата оценка беше дека новата законска рамка, особено во делот на дисциплинските постапки, е солидно поставена и во голема мера усогласена со европските стандарди. Сепак, доминантна порака од повеќе учесници беше дека вистинскиот предизвик не лежи во носењето на законите, туку во нивната практична примена. Во таа насока, беше нагласена потребата од зголемување на транспарентноста, отчетноста и доследноста во постапувањето на институциите.

Значајно внимание беше посветено на новите решенија поврзани со дисциплинските постапки. Како важна новина беше истакнато продолжувањето на постапката и по поднесување оставка од страна на судија или јавен обвинител, со цел да се спречи избегнување на одговорност. Иако во такви случаи не може да се изрече санкција, сепак се овозможува формално утврдување на одговорноста. Дополнително, беа разгледани и механизмите за бришење на дисциплинските мерки по одреден временски период, со што се настојува да се воспостави баланс помеѓу санкционирањето и правната сигурност.

Во текот на дебатата се отворија и прашања поврзани со институционалните слабости, особено во делот на координацијата и размената на информации помеѓу релевантните тела. Дел од учесниците укажаа на проблеми со пристапот до податоци за тековни дисциплински постапки, што може да влијае врз одлучувањето за избор и унапредување. Иако беше посочено дека одредени евиденции постојат, останува потребата од нивно поефикасно користење и институционализирање.

Дополнително, беше дискутирано и прашањето за улогата на Советот на јавни обвинители во дисциплинските постапки. Дел од учесниците сметаат дека Советот треба да има поцентрална улога, додека други укажаа на уставни и системски ограничувања кои ја условуваат сегашната поставеност. Како компромисно решение се разгледува задржување на постојниот модел, со можност за негово унапредување преку подзаконски акти и практика.

Во дебатата беше нагласена и потребата од избегнување на потенцијални судири на интереси, особено во ситуации кога членови на Советот иницираат постапки, а потоа учествуваат во одлучувањето. Како решение се предложи нивно изземање од понатамошната постапка, со цел зајакнување на непристрасноста.

Компаративните искуства и европските практики исто така беа дел од дискусијата. Беше истакнато дека не постои единствен модел, туку различни „хибридни“ решенија во европските правни системи. Оттука, заклучокот беше дека националниот систем треба да ги адаптира меѓународните стандарди во согласност со сопствениот институционален и правен контекст.

На крајот, повеќе учесници укажаа на поширокиот системски проблем на чести законски измени, често мотивирани од политички фактори, што влијае врз правната стабилност и предвидливост. Беше потенцирана потребата од поконзистентен и долгорочен пристап во креирањето на законите, како и од поголема одговорност во нивното спроведување.

Дебатата заклучи дека, покрај нормативните подобрувања, клучот за функционален и кредибилен правосуден систем лежи во доследната примена на законите, зајакнувањето на институционалниот интегритет и развивањето на правна култура заснована на одговорност и професионализам.



**Мухамед ХАЛИЛИ**

амбасадор, Совет на Амбасадори

Мухамед Халили, амбасадор и член на Советот на амбасадори, оцени дека досегашната дискусија отвора суштински прашања кои континуирано се присутни во македонскиот правосуден систем веќе две децении. Според него, темата за дисциплинските и изборните механизми не е само актуелна, туку претставува клучен индикатор за тоа дали системот функционира или не функционира.

Тој предложи и концептуална прецизност во самото формулирање на темата, нагласувајќи дека редоследот „изборни и дисциплински механизми“ е посоодветен, бидејќи квалитетниот избор претходи на ефективната дисциплина. Во таа смисла, слабостите во изборните процеси директно се рефлектираат врз капацитетот за дисциплинска одговорност, што, според него, е една од структурните причини за слабостите во правосудството.

Халили потенцираше дека повикувањето на европските стандарди не е случајно, туку произлегува од стратешката ориентација на државата кон членство во Европската Унија. Сепак, тој нагласи дека тие стандарди не треба само формално да се прифатат, туку суштински да се имплементираат во пракса, во согласност со релевантните европски правни рамки и институционални практики.

Воедно, тој предупреди дека Европската Унија не претставува идеализиран и беспрекорен систем, посочувајќи дека и во земјите членки постојат девијантни појави и тензии меѓу политиката и правосудството. Преку конкретни примери, укажа дека овие предизвици се дел од поширок европски контекст, што дополнително ја нагласува потребата од критичко и реалистично пристапување кон реформите во домашниот систем.



**Оља РИСТОВА**

судија во Апелационен суд, Скопје

Оља Ристова, судија во Апелациониот суд во Скопје, своето излагање го насочи кон практичната имплементација на новиот Закон за Судскиот совет, нагласувајќи дека иако законот носи значајни подобрувања, неговата ефективност ќе зависи од доследната примена во пракса.

Таа оцени дека новите решенија претставуваат чекор напред во однос на претходната законска рамка, но дека просторот за унапредување останува отворен.

Како клучни новини, Ристова ги издвои измените во постапките за избор и разрешување на членовите на Судскиот совет, дисциплинската одговорност, како и уредувањето на изборот и разрешувањето на претседателот на Советот. Дополнително, таа посочи на воведувањето судска заштита во овие постапки и двостепеноста како значаен инструмент за правна сигурност.

Особено внимание посвети на кратките рокови за одлучување и на прецизните критериуми за оценување на судиите, како и на уредувањето на извршувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права. Според неа, овие елементи имаат потенцијал да ја зајакнат транспарентноста, независноста и отчетноста на Судскиот совет.

Сепак, Ристова нагласи дека донесувањето на законот е само прв чекор, додека вистинскиот предизвик лежи во неговата имплементација и примената на најдобрите меѓународни практики. Како пример за рана примена, го посочи изборот на нови членови на Судскиот совет веднаш по стапувањето во сила на законот, што отвори прашања за начинот на спроведување на новите процедури.

Таа укажа и на одредени предизвици во практиката, особено во делот на формирањето комисии за избор, каде што, според неа, не секогаш се почитуваат доследно законските одредби. Во овој контекст, подвлече дека почетните фази на имплементација се критични за воспоставување правилни институционални практики.

Во однос на критериумите за избор, Ристова се осврна на условот за „позитивна оцена“ на судиите, оценувајќи дека поставениот праг е релативно низок за функција како член на Судскиот совет. Таа предложила повисоки стандарди во текот на јавната расправа, но нагласи дека овој недостаток може делумно да се надмине преку подзаконски акти и дополнителни механизми за рангирање.

Дополнително, таа идентификуваше предизвици во процесот на оценување на судиите, особено при избор во повисоки судови, каде што постои ризик од субјективност. Како решение, предложи засилена едукација на судиите кои учествуваат во оценувањето, со цел да се обезбеди објективност и професионализам.

Во делот на транспарентноста, Ристова ја поздрави јавноста на седниците на Судскиот совет и нивното снимање, но укажа дека е потребна поголема конзистентност во одлучувањето. Таа предложи членовите на Советот да вршат саморефлексија преку преглед на снимките, со цел да се унапреди квалитетот на одлуките.

Законот, според неа, значително ја подобрува правната сигурност преку воведување јасни рокови и двостепена судска заштита, со ограничување на траењето на постапките за утврдување одговорност. Сепак, таа предупреди дека практични аспекти, како начинот на достава на документи, можат да влијаат врз ефикасноста на постапките.

Конечно, Ристова се осврна на постапувањето по претставки од граѓаните, нагласувајќи дека нивниот број е значителен и дека секоја претставка бара соодветна обработка. Таа предложи воведување иницијална филтрација преку стручни служби, со цел да се зголеми ефикасноста, додека конечната одлука би останала во надлежност на судиите и Судскиот совет.

Во заклучок, таа истакна дека успехот на новиот закон ќе зависи од способноста на институциите да обезбедат доследна, професионална и транспарентна имплементација, со што ќе се зајакне довербата во судскиот систем.



## Елвин ВЕЛИ

јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Елвин Вели започна со своето излагање со осврт на прашањето за роковите во постапките за избор, нагласувајќи дека долготрајните процедури претставуваат сериозен системски проблем. Тој потсети дека во рамките на подготовката на правосудната стратегија 2024–2028 се дискутирало за воведување механизми кои би спречиле пролонгирање на изборите, вклучително и можност за прекин на мандатот на членовите на советите доколку не постапуваат во разумен рок.

Според него, не е прифатливо постапките за избор на судии да траат по неколку години, додека во меѓувреме се менуваат условите и се појавуваат нови кандидати. Во таа насока, тој укажа дека кај обвинителите роковите се пократки, но дека и таму е потребна поголема ефикасност и предвидливост на процесите.

Во продолжение, Вели се фокусираше на темата за изборот, именувањето и оценувањето на јавните обвинители, оценувајќи ја како клучна за кредибилитетот на правосудниот систем. Тој нагласи дека европските стандарди не треба да се третираат како формална обврска, туку како суштинска рамка која треба да се интегрира во домашниот систем и институционалната култура.

Во однос на изборот на членови на Советот на јавните обвинители, Вели посочи дека новите решенија предвидуваат транспарентна постапка со вклучување на релевантни професионални и општествени актери, како и јавна расправа. Овој пристап, според него, овозможува поголема јавна проверливост и легитимност на процесот.

Тој се осврна и на улогата на Академијата за судии и јавни обвинители како клучен филтер за влез во обвинителската професија, нагласувајќи дека задржувањето на овој модел е во согласност со препораките на Европската Унија.

Воедно, посочи дека со новите законски решенија се отстрануваат одредени претходни ограничувања кои ја намалувале мобилноста на обвинителите.

Во делот на унапредувањето, Вели потенцираше дека е воспоставен појасен систем на вертикално напредување, со прецизни критериуми и рокови. Ова, според него, придонесува за поголема предвидливост и фер третман на кандидатите во кариерниот развој.

Особено внимание посвети на процесот на оценување, истакнувајќи дека досегашниот модел, иако методолошки поставен, ризикува да стане формален и статистички ориентиран. Тој објасни дека оценувањето се базира на анализа на конкретни предмети, но дека е потребно дополнително унапредување за да се обезбеди вистинска проценка на квалитетот, стручноста и комплексноста на работата.

Вели предупреди дека треба да се избегне нееднаквост во оценувањето помеѓу обвинителства со различен обем и сложеност на предмети. Според него, системот треба да биде насочен не само кон санкционирање, туку и кон поддршка на професионалниот развој и унапредување на обвинителите.

Во однос на механизмите за одговорност, тој појасни дека негативното оценување може да доведе до вонредна проверка, а во повторени случаи и до дисциплинска постапка. Скратувањето на роковите за редовно оценување, според него, претставува позитивен чекор кон поголема динамичност и контрола.

Дополнително, Вели нагласи дека изборот и оценувањето не можат да се разгледуваат изолирано, туку мора да бидат дел од поширок институционален екосистем кој ги вклучува законодавството, буџетската поддршка, етичките стандарди и континуираната обука.

Во завршницата, тој се осврна и на дисциплинските механизми, истакнувајќи дека по разгледување на различни модели, е задржан постојниот хиерархиски пристап за одлучување по жалби. Воведување нови институционални решенија, според него, би барало сложени уставни измени, што во моментот не е реалистична опција.

Неговата интервенција заклучи дека клучот за функционален систем лежи во балансирано уредување на изборот, оценувањето и одговорноста, со фокус на практична применливост и институционална доследност.



## Дарко АВРАМОВСКИ

извршен директор, Здружение „Сите за правично судење“

Дарко Авремовски започна со констатација дека позицијата на последен говорник носи предизвик да се избегне повторување на веќе изнесените ставови, но и можност да се направи подлабока рефлексија. Тој се надоврзува на претходните дискусии, особено на тезата дека квалитетот на изборот е клучен предуслов за функционирањето на целиот систем. Според него, доколку почетниот избор е компромитиран, тогаш сите последователни процеси - унапредување, оценување и дисциплинска одговорност – неизбежно ќе бидат оптоварени со исти слабости.

Во таа насока, тој оди чекор подалеку и укажува дека проблемот не е исклучиво правен или институционален, туку има подлабока структурна природа. Правото, како што посочува, не може да се сведе ниту на чиста наука, ниту на уметност, туку претставува комплексен хибрид. Сепак, во домашниот контекст доминира технократски пристап кој го третира правото како збир на правила, занемарувајќи ја неговата вредносна и хумана димензија.

Овој редукционизам, според Авремовски, резултира со тенденција секој проблем да се решава преку нови нормативни интервенции – нов закон, нов правилник или нова стратегија. Наместо суштинска трансформација, системот произведува „реформи на хартија“ кои не ја допираат реалната практика. На тој начин, се создава илузија на напредок, додека суштинските проблеми остануваат непроменети.

Клучниот извор на овие слабости го лоцира во образовниот систем. Тој критикува дека правното образование, од најраните нивоа до професионалната обука, е засновано на меморирање и репродукција, наместо на критичко размислување и разбирање. Овој модел создава правници кои се ориентирани кон формата, но не и кон суштината на правото.

Како последица, се развива култура на зависност од авторитети, каде што одговорите секогаш се очекуваат „однадвор“ – од законодавецот, од меѓународната заедница или од повисоките институции. Ова ја поткопува индивидуалната професионална одговорност и иницијатива кај носителите на правосудните функции.

Понатаму, Авремовски укажува на системската тенденција за префрлање на одговорноста. Наместо институциите и поединците да ја преземат сопствената улога во подобрување на системот, тие чекаат надворешни импулси за реформи. Овој пристап создава пасивност и ја одложува вистинската трансформација.

Особено значајна е неговата критика за недостигот на разбирање на суштината на правото. Тој посочува дека системот е преполн со правници кои технички ги познаваат прописите, но не ја разбираат нивната цел и импликации. Ова води кон формализам, шаблонски одлуки и недоволно аргументирани образложенија.

Во практиката, ова се манифестира преку прекумерна регулација која создава дополнителни бариери наместо решенија. Новите закони често генерираат нови проблеми во примената, што дополнително ја комплицира работата на судиите и обвинителите и ја намалува ефикасноста на системот.

Авремовски го илустрира овој проблем преку третманот на претставките, кои често се сведуваат на формална процедура без суштинска анализа. Тој наведува примери каде што одлуките по претставки се практично идентични со првичните одлуки, што укажува на отсуство на независна проверка и критичка евалуација.

Дополнително, тој ја проблематизира ограничената употреба на меѓународните правни инструменти, како што е Европската конвенција за човекови права, која би можела директно да се применува. Наместо тоа, институциите чекаат формални законски измени, што укажува на недоволна правна автономија и проактивност.

На крајот, Авремовски заклучува дека вистинската реформа не лежи во нови закони, туку во промена на пристапот – од формализам кон суштинско разбирање и примена на правото. Тој повикува на реформа на образованието и развивање на професионална култура заснована на одговорност, интегритет и критичко размислување, како предуслов за функционален и правичен правосуден систем.




www.europeanmovement.org.mk
ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА


НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Европско движење
Северна Македонија
www.europeanmovement.org.mk



Во рамките на дискусијата по вториот панел, фокусот беше ставен на новиот Закон за Судскиот совет, со посебен акцент на неговата имплементација, правната заштита и усогласеноста со европските стандарди. Учесниците се согласија дека, иако законот е веќе донесен, неговите ефекти сè уште не можат да се оценат поради отсуство на практична примена, што ја нагласува потребата од внимателно следење на неговата имплементација во наредниот период.

Еден од клучните проблеми што беше отворен е недоволната инклузивност и транспарентност во процесот на креирање на законот. Беше истакнато дека забелешките на релевантните организации, вклучително и граѓанскиот сектор, не биле соодветно разгледани или образложени. Дополнително, беше нотирано и отсуството на членови на Судскиот совет на самата дискусија, што отвори прашања за нивната вклученост и одговорност во процесот на реформи.

Во теоретско-практичка смисла, значајна дебата се разви околу ограничената можност за „креативно толкување“ на законите од страна на судиите. Дел од учесниците укажаа дека прекумерната нормативна деталност не може да ги замени судската пракса и правната интерпретација, кои се суштински за функционирањето на правниот систем. Во таа насока, беше потенциран и проблемот со недоследна и понекогаш погрешна примена на праксата на Европската конвенција за човекови права, особено во чувствителни области како слободата на изразување.

Централна тема во дискусијата беше системот на правни лекови против одлуките на Судскиот совет. Беше направена споредба помеѓу претходното решение, каде Врховниот суд имаше ограничена улога, и новото законско решение кое ја префрла надлежноста на управните судови. Сепак, учесниците се согласија дека и во двата модели судовите имаат ограничена надлежност, односно можат да оценуваат само процедурални повреди, но не и суштински (мериторни) аспекти на одлуките за избор или разрешување.

Новото решение, според кое Вишиот управен суд може да донесе конечна одлука, беше оценето како потенцијално проблематично, особено поради нејаснотиите околу неговата реална можност да интервенира во суштината на одлуките. Дополнително, беше укажано дека кратките рокови предвидени во законот се тешко применливи во пракса и може да ја нарушат ефективноста на постапката.

Посебно внимание беше посветено на препораките од оценската мисија на Европската унија, која предложила формирање на независно жалбено тело со карактеристики на трибунал. Ова решение, според дел од учесниците, би обезбедило поефикасна и поконзистентна правна заштита. Сепак, оваа препорака не била целосно интегрирана во конечниот закон, што отвора простор за идни измени.



Во дискусијата беше истакнато и прашањето за ефективен правен лек во контекст на обврските што произлегуваат од пресудите на Европскиот суд за човекови права. Учесниците изразија сомнеж дали актуелното законско решение ќе ги исполни овие стандарди, особено во однос на правото на пристап до суд и правото на жалба.

Заклучно, беше потенцирано дека и покрај донесувањето на законот, остануваат бројни отворени прашања, особено во делот на правната заштита и институционалната поставеност. Дискусијата заврши со согласност дека процесот на реформи е континуиран и дека предлозите и забелешките од оваа сесија ќе бидат дополнително разработени и доставени до релевантните институции, со цел унапредување на законската рамка и нејзината практична примена.